Република Северна Македонија
Национална установа
**АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional
**TEATRI SHQIPTAR Shkup**

Бр. 01-28/1
Датум:04.02.2021 година

Врз основа на член 21 став (1) точка 11 од Статутот на НУ Албански театар Скопје бр.0101-263/1 од 02.06.2015 година, а согласно член 77, 77-а, 77-б, 77-в, 77-г, 77-ѓ, 77- д, 77-е, 77-ж, 77-з и 77-ѕ од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 година, објавена во („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2008), член 6 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Управниот одбор на Националната установа АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредува формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас за давателите на јавни услуги во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЈАВНИОТ ОГЛАС И ПРИЈАВАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 2

Јавниот оглас за пополнување на работни места за давателите на јавни услуги во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје особено содржи:
- грб и име на Република Северна Македонија и лого и назив на установата;
- основ за објавување на јавниот оглас;
- број на јавниот оглас;
- за секое различно работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;

- за секое различно работно место во огласот: општи услови (согласно закон и/или Колективен договор); посебни услови (образование, работен стаж, општи и посебни комепетенции и други услови согласно Правилникот за систематизација на работните места); и/или дополнителни услови доколку има потреба;
- за секое различно работно место во огласот: распоред на работното време; почеток и завршеток на дневното и неделното работно време;
- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок за донесување на пријава за вработување;
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата и задолжителните докази за исполнување на условите за вработување (во хартиена форма или електронски со наведување на точна адреса);
- кратка информација за начинот за спроведување на постапката за селекција (да се наведат фазите, нпр. проверка на пријавата и доказите, интервју/аудиција).

Член 3

Пријавата за вработување на работното место за даватели на јавни услуги во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје особено содржи:
- податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон);
- кратко мотивациско писмо;
- кратка биографија;
- изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- изјава за исполнување на дополнителните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно, доколку се бара;
- датум на поднесување на пријавата; и
- потпис на кандидатот.

## III. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АУДИЦИЈАТА

Член 4

(1) Директорот со решение формира Комисија за постапка за вработување на даватели на јавни услуги категорија А – уметници.

(2) Комисијата за постапка за вработување на даватели на јавни услуги категорија А – уметници е составена од пет члена, од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисокото ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за вработување.

(3) Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги категорија А - уметници се состои од проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и спроведување на постапка за аудиција.

(4) Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на аудиција .

(5) На аудицијата се проверуваат уметничките способности на кандидатот.

Член 5

(1) Аудицијата се закажува најдоцна 5 дена пред одржување на истата, а се состои од четири делови и тоа:

- однапред спремани етиди;
- еден монолог по избор на кандидатот;
- еден задолжителен монолог и поезија зададени од страна на комисијата што се дава на кандидатот на денот на закажување на аудиција;
- вежби и импровизации по зададени задачи од страна на комисијата во текот на аудицијата.

(2) Кандидатите преку аудицијата треба да ги искажат своите способности за движење на сцена, говорна техника и способност за анализа на ликови и реализација на истите.

Член 6

За секој различен дел од аудицијата Комисијата го бодува секој кандидат поединечно.

Вкупното бодување од фазата аудиција на секој кандидат поединечно е составен дел на Записникот за селекција за вработување.

## IV. НАЧИН НА БОДУВАЊЕ ВО ЗАВИСНОСТ ОД КАТЕГОРИЈАТА И НИВОТО НА РАБОТНО МЕСТО ЗА КОЕ Е ОБЈАВЕН ЈАВНИОТ ОГЛАС

### IV.1 Начин на бодување на давателите на јавни услуги: категорија А – уметници

Член 7

(1) Во постапката за селекција кандидатот давател на јавни услуги категорија А - уметници може да добие најмногу 80 бодови, од кои 20 од фазата административна селекција и 60 од фазата аудиција.

(2) Во фазата административна селекција се бодуваат: формално образование, неформално образование и работното искуство.

Кандидатот може да добие вкупно 20 бодови, од кои 0 до 10 бодови за формално образование, 0 до 3 бодови за неформално образование и 0 до 7 бодови за работното искуство.

(3) Во фазата аудиција се бодуваат: етиди, монолог по избор на кандидатот, задолжителен монолог и поезија, како и вежби и импровизации по зададени задачи.

За секој дел посебно од фазата аудиција кандидатот може да добие од 0 – 15 бодови, односно најмногу 60 бодови .

## IV.2 Начин на бодување на давателите на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата

Член 8

(1) Во постапката за селекција кандидатот давател на јавни услуги категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата може да добие најмногу 60 бодови.

(2) Во фазата административна селекција се бодуваат: формалното образование, неформалното образсование и работното искуство.
Кандидатот може да добие вкупно 45 бодови, од кои 0 до 30 бодови за формално образование, 0 до 5 бодови за неформално образование и 0 до 10 бодови за работното искуство.

(3) Во фазата интервју се бодуваат: општи прашања, прашања од општи работни компетенции и прашања од посебни работни компетенции.
Кандидатот може да добие вкупно 15 бодови, од кои 0 до 5 бодови за општи прашања, 0 до 5 бодови за прашања од општи работни компетенции и 0 до 5 бодови за прашања од посебни работни компетенции.

Член 9

По завршување на постапката за селекција Комисијата во рок од 3 дена подготвува и до директорот доставува предлог кандидат за секое објавено работно место посебно.

Член 10

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

Претседател на Управен Одбор

Теута Ајдини Јегени
Teuta Ajdini Jegeni

| **ПРИЈАВА на Јавен оглас за вработување**<br>**FLETËPARAQITJE në Shpalljen publike për punësim** | |
|---|---|
| ПОДАТОЦИ ЗА ОГЛАСОТ за вработување/ TË DHËNA PËR SHPALLJEN për punësim | |
| Број на оглас:<br>Numri i shpalljes: | |
| Реден број на работно место во огласот за кое се пријавувате:<br>Numri rendor i vendit të punës për të cilin paraqiteni: | |
| ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ (од лична карта) / TË DHËNA PERSONALE (nga letra e njoftimit) | |
| Име и презиме:<br>Emri dhe mbiemri: | |
| Датум и место на раѓање:<br>Data dhe vendi i lindjes: | |
| ЕМБГ/NUPQ: | |
| Адреса/ Adresa: | |
| КОНТАКТ ПОДАТОЦИ/ TË DHËNAT PËR KONTAKT | |
| Телефон/ Telfoni: | |
| е-пошта/ e-mail: | |
| ОПШТИ УСЛОВИ/ KUSHTE TË PËRGJITHSHME | |
| Дали сте државјанин на РСМ?<br>A jeni shtetas i RMV? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали сте полнолетен?<br>A jeni i moshës madhore? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали сте психо-физички здрав и способен за работа?<br>A jeni i aftë psiko fizikisht për punë? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали Ви е изречена мерка на безбедност за забрана за вршење на професија, дејност или должност?<br>A u është shqiptuar masë e sigurisë për ndalesë për kryerje të profesionit, veprimtarisë apo detyrës? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| ПОСЕБНИ УСЛОВИ/ KUSHTE TË VEÇANTA | |
| Степен на образование:<br>Shkalla e shkollimit: | ☐ IV ☐ VI ☐ VII/1 ☐ VII/2 ☐ VIII<br>*означете со X/shënoni me X* |
| Вид на образование:<br>Lloji i shkollimit: | |

| | |
|---|---|
| Образовна установа:<br>Institucioni arsimor:<br><br>Насока/ Drejtimi: | |
| Број на диплома и датум на дипломирање:<br>Numri i diplomës dhe data e diplomimit: | |
| Работно искуство во струката:<br>Përvoja e punës në lëmi: | ______ години/vjet и/dhe ______ месеци/muaj. |
| Кратка биографија:<br>(може да се достави како посебен документ)<br><br>Biografi e shkurtë:<br>(mund të dorëzohet si dokument i veçantë) | |
| Кратко мотивациско писмо:<br>(може да се достави како посебен документ)<br><br>Letër motivimi:<br>(mund të dorëzohet si dokument i veçantë) | |
| Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни.<br><br>Deklaroj nën përgjegësi morale, materiale dhe penale se të dhënat e shënuara në fletëparaqitjen për punësim janë autentike. | |
| | |
| Датум на пријавување:<br>Data e paraqitjes: | |
| Потпис на кандидатот:<br>Nënshkrimi i kandidatit: | |

**Начин на бодување во постапката за селекција**
**за даватели на јавни услуги категорија А – уметници**

| **Фаза административна селекција** | | Добиени бодови |
|---|---|---|
| 1. | Формално образование | (0-10) |
| 2. | Неформално образование | (0-3) |
| 3. | Работно искуство | (0-7) |
| Вкупно бодови од фаза административна селекција | | (0-20) |
| **Фаза аудиција** | | |
| 1. | Етиди | (0-15) |
| 2. | Монолог по избор на кандидатот | (0-15) |
| 3. | Задолжителен монолог и поезија | (0-15) |
| 4. | Вежби и импровизации | (0-15) |
| Вкупно бодови од фаза аудиција | | (0-60) |
| **Вкупно бодови во сите фази на селекцијата** | | **(0-80)** |

**Начин на бодување во постапката за селекција**
**за даватели на јавни услуги категорија категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата**

| **Фаза административна селекција** | | Добиени бодови |
|---|---|---|
| 1. | Формално образование | (0-30) |
| 2. | Неформално образование | (0-5) |
| 3. | Работно искуство | (0-10) |
| Вкупно бодови од фаза административна селекција | | (0-45) |
| **Фаза интервју** | | |
| 1. | Општи прашања | (0-5) |
| 2. | Прашања за општите компетенции | (0-5) |
| 3. | Прашања за посебните компетенции | (0-5) |
| Вкупно бодови од фаза интервју | | (0-15) |
| **Вкупно бодови во сите фази на селекцијата** | | **(0-60)** |